**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-425/11**

**Скопје, 23.06.2008 година**

**ДО**
**ОПЕРАТОР НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ НА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИОТ СИСТЕМ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Оператор на електроенергетскиот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје (во понатамошниот текст АД МЕПСО) за 2006 година, кои се прикажани на страните од 1 до 14.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државната ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Оператор на електроенергетскиот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Трајче Черепналковски - Претседатаел на Управен одбор и Генерален директор без ограничувања од 01.01.2006 година до 03.10.2006 година и
   - Проф. Д-р Атанаско Тунески - Претседатаел на Управен одбор и Генерален директор без ограничувања од 03.10.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 14 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 24.12.2007 до 17.03.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на АД МЕПСО добиени се забелешки на точките 10.1.3.; 10.1.4.; 10.2.1.; 10.3.1.; 10.4.1.; 10.4.3. и 10.4.4. од Претходниот извештај, број 1310-425/10 од 02.06.2008 година, истите овластениот државен ревизор ги разгледа и не ги прифати поради тоа што се доставени од неовластено лице согласно Законот за државна ревизија и не се доставени докази со кои може да се оспорат или преиначат утврдените состојби.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. На позицијата материјални средства во сметководствената евиденција на АД МЕПСО евидентирани се материјални средства кои на 31. декември 2006 година изнесуваат 1.601 илјада денари на име земјиште и 7.116.904 илјади денари на име градежни објекти. Согласно член 5-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија Акционерско Друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост ”Правата на сопственост на недвижностите и тоа објекти и земјишта кои пред преобразбата биле во владение на АД Електростопанство на Македонија, а во катастарот на земјиштето и катастарот на недвижностите биле евидентирани и запишани на име на Република Македонија независно од фактот на евидентираниот корисник на земјиштето и објектите, а кои со преобразбата и планот за поделба припаднале на АД ЕСМ или друштвата основани од него или друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО во катастарот на земјиштето и катастарот на недвижностите ќе се евидентираат и запишат на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО, врз основа на планот на

поделба”. Исто така во ставот 3 од истиот Закон е наведено дека “ Објектите и земјиштата утврдени во планот на поделба Државниот завод за геодетски работи по службена должност ќе ги евидентира во катастарот на земјиштето и ќе ги запише со право на сопственост во катастарот на недвижности на АД ЕСМ или друштвата основани од него или на друштвата настанати со реструктуирање на АД ЕСМ или неговите правни наследници и АД МЕПСО.

Со ревизија на оваа позиција констатирано е следното:

- АД МЕПСО до денот на ревизијата ги нема разрешено имотно правните односи, односно поголемиот дел од земјиштето и градежните објекти во катастар се евидентирани и запишани на Електропренос Скопје. На ревизијата и беше презентиран Извештај за состојбата со имотот на АД МЕПСО Скопје по поделба со АД ЕСМ од кој може да се констатира дека до денот на ревизијата АД МЕПСО ја нема регулирано сопственоста над објектите со кои располага и ги користи. За дел од објектите во 2008 година има поведено постапка за регулирање на сопственоста. Од прегледот на градежни објекти што и беше презентиран на ревизијата само за два објекти има регулирано сопственост и истите се водат на АД МЕПСО Скопје, а за остатокот има добиено Решенија од Државниот завод за геодетски работи со кои се одбива АД МЕПСО за извршување на промена на назив и има жалбена постапка која е во тек;
- Управната зграда на АД МЕПСО до денот на ревизијата како објект Управна зграда Скопје на улица Орце Николов бб е евидентиран во катастар на АД ЕСМ Скопје. Од страна на АД МЕПСО поднесено е барање за измена на носителот на правото на сопственост односно АД МЕПСО но донесено е Решение со кое е одбиено барањето и против истото АД МЕПСО има поднесено жалба;
- Согласно презентираниот преглед на градежни објекти кои се евидентирани во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека АД МЕПСО располага со паркинг простор кој се наоѓа пред Управната зграда на друштвото. Во текот на 2006 година Друштвото на име надомест за користење на градски паркинг има извршено исплата на срества во износ од 417 илјади денари. Ревизијата не доби разумно уверување за причините поради кои се извршени исплатите на средства и покрај тоа што се работи за паркинг простор кој е евидентиран како сопственост на Друштвото.

АД МЕПСО не пристапил кон превземање навремени активности, а Државниот завод за геодетски работи не извршил по службена должност пренесување на правото на сопственост на земјиштето и недвижностите кои согласно планот за поделба се евидентирани во сметководствената евиденција на АД МЕПСО, што е спротивно на Законот за преобразба на ЕСМ АД во државна сопственост и неговите измени. Непревземање на навремени мерки и активности и непочитување на законската регулатива од страна на АД МЕПСО и институциите во државата надлежни за регулирање на правото на сопственост предизвикуваат неможност од регулирање на

сопственоста над земјиштето и недвижностите со кои располага и ги користи АД МЕПСО во државна сопственост и можност со здобивање на имотна корист на Друштва кои се во приватна сопственост.

11.1.2. Во сметководствената евиденција на АД МЕПСО на позицијата вложени средства во банки искажани се вложувања во Комерцијална банки во вкупен износ од 1.896 илјади денари. Истите потекнуваат од пред 01.01.2005 година, односно пред делбата. Согласно точка 4 од Планот на поделба при поделба на постојното Друштво, сите удели и акции во другите друштва стекнати по основ на Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуба, (Сл.весник бр.2/95) и запишани во Централниот депозитар за хартии од вредност остануваат во сопственост на Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во државна сопственост. Според известието од Централниот депозитар на хартии од вредност под 31.12.2006 година доставено до Државниот завод за ревизија АД МЕПСО не располага со горенаведените акции, односно истите се останати во АД ЕСМ во државна сопственост Скопје. Со извршена ревизија во АД ЕЛЕМ од страна на Државниот завод за ревизија констатирано е дека при поделбата на АД ЕСМ во државна сопственост овие акции се пренесени во АД ЕСМ-ЕВН во приватна сопственост. Со недефинирање на овие акции со Планот на поделба каде припаѓаат отстапени се акциите на АД ЕСМ чија номинална вредност изнесува 1.896 илјади денари и за истите дивидендата се плаќа на АД ЕСМ, со можност од остварување на добивка по овој основ и ризик од продажба на истите на берзата на хартии од вредност. Ваквиот начин на извршена поделба и пренесување на почетните состојби во билансните позиции кои не соодејствуваат со Планот на поделба е спротивен на Законот за трговски друштва, МСС и усвоениот Правилник за сметководствените политики и нивна примена во подготвување и презентирање на финансиските извештаи. Непочитувањето на наведените законски акти и меѓународни стандарди предизвикуваат ризик од нанесување штета на АД МЕПСО и финансиските извештаи на претпријатието да не бидат изработени во согласност со барањата утврдени во наведените стандарди кое има свое влијание во насока на квалитетот на финансиските извештаи и релевантноста и веродостојноста на информациите кои ги обезбедуваат истите.

11.1.3. Согласно Законот за енергетика и Правилникот за начин и услови за регулирање на цени на електрична енергија одобрени од Регулаторна комисија за енергетика склучен е Договор за купопродажба на електрична енергија, моќност и системски услуги помеѓу АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО Скопје заведен под Бр. 11-826/1 од 18.11.2005 година. Согласно член 39 од наведениот Договор истиот ќе стапи во сила на денот на негово склучување, а ќе произведува правно дејствие од денот на одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика и ќе остане во сила до 31.04.2006 година. На ден 28.04.2006 година склучен е Анекс бр. 1 кон Договорот во кој се врши измена и се продолжува рокот на важност на Основниот Договор и истиот важи до 31.07.2006 година. За активностите превземени за период од 01.08.2006 година до денот на ревизијата на ревизијата и е презентирано пропратно писмо заведено под број 02-1299/1 од

08.03.2007 година од АД МЕПСО доставено до АД ЕЛЕМ во кое е наведено дека предложениот договор од страна на ЕЛЕМ ќе го потпише откако ќе поминат сите со закон утврдени постапки, односно АД ЕЛЕМ треба да обезбеди разделени и од Регулаторна комисија за енергетика одобрени тарифни ставови за секој став поединечно. На ден 27.03.2007 година АД МЕПСО до АД ЕЛЕМ доставил уште еден допис заведен под број 02 – 1669 со кој допис доставува предлог текст на Договор за купопродажба на електрична енергија. До денот на ревизијата АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО не склучиле нов Договор, што е спротивно на Законот за енергетика. Несклучување на Договор помеѓу двете Друштва предизвикува купопродажба на електрична енергија, моќност и системски услуги спротивно на законската регулатива, односно извршување на активностите без уредување на меѓусебните односи, обезбедување одобреие од Регулаторната комисија и можност од нанесување штетни последици во работењето.

11.1.4. Согласно Законот за енергетика и Правилникот за начин и услови за регулирање на цени на електрична енергија одобрени од Регулаторна комисија за енергетика склучен е Договор за купопродажба на електрична енергија, моќност и системски услуги помеѓу АД МЕПСО Скопје и АД ЕСМ во државна сопственост заведен под Бр.02–541 од 03.02.2006 година. Меѓутоа со продажбата на АД ЕСМ и преминување на друштвото во приватна сопственост односно од мај месец 2006 година не е склучен нов Договор за регулирање на купопродажбата на електрична енергија помеѓу АД МЕПСО и АД ЕСМ во приватна сопственост. За превземените активности во текот на 2007 година на ревизијата и се презентиранни два дописа и тоа: на ден 07.03.2007 година од страна на АД МЕПСО доставен е допис до АД ЕСМ во приватна сопственост во кој допис АД МЕПСО наведува дека им доставува предлог на договор за купопродажба на електрична енергија, моќност и системски услуги под регулирани цени. На 28.09.2007 година испратена е и ургенција заведена под број 02-5012 во која е наведено дека не е добиена забелешка на предлог на текстот на предложениот договор, ниту пак е пристапено кон негово потпишување. Од страна на АД ЕСМ не е добиен повратен одговор. Несклучувањето Договор, е спротивно на Законот за енергетика и предизвикува купопродажба на електрична енергија, моќност и системски услуги спротивно на законската регулатива, односно извршување на активностите без уредување на меѓусебните односи и можност од нанесување штетни последици во работењето.

11.1.5. На позицијата останати краткорочни обврски по основ на заеми и кредити на 31. декември 2006 година искажани се обврски во вкупен износ од 426.692 илјади денари. Со увид во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека на наведената позиција е евидентирана стара кредитна линија од Париски клуб на доверители - ХИЛФЕ НБ 93 која согласно Планот на поделба на АД ЕСМ во државна сопственост е припаданата на АД МЕПСО. За наведената обврска АД МЕПСО до денот на ревизијата нема извршено уплата на парични средства за сервисирање на долгот на сметката на Министерство за финансии. Управниот Одбор на АД МЕПСО на 26.02.2008 година донел Одлука за покривање на загуба на Годишна сметка за 2007 година. Во наведената одлука предлага за покривање на загубата, Владата на Република Македонија да донесе одлука за отпис на побарувањата во износ од 558.926 илјади денари. До денот

на ревизијата наведената обврска останува во сметководствената евиденција како неплатена, што е спротивно на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија Акционерско Друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост и Планот на поделба. Несервисирање на превземените обврски кои Друштвото ги има спрема Министерството за финансии, предизвикува создавање на дополнителни расходи на Буџетот на Република Македонија.

11.1.6. На 31.12.2006 година извршено е активирање од материјални средства во подготовка во градежни објекти во вкупен износ од 11.011 илјади денари од кои износ од 3.431 илјада денари се однесуваат за активирање на ТС Струмица и износ од 7.580 илјади денари се однесуваат за ТС Кратово. Во известувањето од техничките служби е наведено активирањето на објектите да биде извршено со датум од 01.01.2006 година. За наведеното активирање во сметководствената евиденција на АД МЕПСО не постои уредна и веродостојна документација од која ревизијата може да констатира дека се исполнети сите услови и се добиени сите одобренија за отпочнување со работа согласно важечката законска регулатива, односно Законот за градба. Непочитување на законската регулатива, активирање на објекти и нивно ставање во употреба во сметководствената евиденција без приложена уредна и веродостојна документација за исполнети услови за работа и извршен технички прием и преглед на објектите, предизвикува ризик од незаконско работење на Друштвото односно можност од нанесување штетни последици во работењето на наведените објекти.

**Препораки:**

1. Менаџментот на Друштвото, Управниот одбор и основачот – Влада на Република Македонија да продолжат со превземање на мерки и активности и заедно со надлежните институции да се овозможи пренесување на правото на сопственост на земјиштето и недвижностите со кои располага и ги користи АД МЕПСО во државна сопственост.

2. Надлежните органи на Република Македонија да ги утврдат причините и евентуалната одговорност за непостапувањето на надлежниот орган за запишување на правото на сопственот над имотот на друштвото (АД МЕПСО) по службена должност.

3. Менаџментот, Управниот одбор и основачот на Друштвото – Влада на Република Македонија да превземат активности за регулирање на статусот на наведените акции и нивен упис на АД МЕПСО во Централниот депозитар на хартии од вредност согласно усвоениот План на поделба.

4. АД МЕПСО да пристапи кон превземање на активности за регулирање на меѓусебните односи со АД ЕЛЕМ и АД ЕСМ ЕВН во согласност со важечките Закони и подзаконски акти кои ја регулираат областа енергетика и во кои се дефинирани правата и обврските на сите учесници во Енергетскиот систем.

5. Надлежните органи за управување и раководење на друштвото во соработка со основачот, да превземат активности за разрешување на настанатата состојба во делот на заостанатите обврски према Буџетот на Република Македонија .

6. Надлежните органи за управување и раководење на друштвото, да превземат активности за редовно подмирување/сервисирање на обврските кон Министерството за финансии по основ „кредитна линија Париски клуб на доверители-ХИЛФЕ НБ 93“.

7. Надлежните органи за управување и раководење на друштвото да превземат активности за пропишување и доследно почитување на политики за начинот на активирање на материјалните средства во подготовка, обезбедување на веродостојни и вистините документи и соодветни одобренија за отпочнување со работа.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. АД МЕПСО не воспоставил сметководствени политики и начела за евидентирање на набавка на нематеријални, материјални средства, ситен инвентар, амбалажа и автогуми согласно Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријални и материјани средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки. Во сметководствената евиденција евидентирањето на набавените нематеријални, материјални средства, ситен инвентар, амбалажа и автогуми се врши без притоа да бидат почитувани одредбите од Уредбатата. Непочитување на Уредбата предизвикува нереално и необјективно прикажување на наведените позиции во Билансот на состојба на Друштвото.

**Препораки:**

1. АД МЕПСО да воспостави сметководствени политики и мерки за евидентирање на набвките на нематеријални, материјалните средства и ситен инвентар, амбалажа и автогуми согласно Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријални и материјани средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки.

11.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. На 13. декември 2005 година АД МЕПСО и АД ЕЛЕМ пристапиле кон потпишување на Договор за регулирање на обврските за отплата на дел од заемот од Светска банка ИБРД бр. 4284 МК. Согласно потпишаниот договор АД МЕПСО се согласува да отплаќа дел од кредитот, односно 10,78% од вкупниот заем кој се однесува на недвижности, постројки и опрема набавени со средства од заемот и пренесени на АД МЕПСО со делбен биланс на Електростопанство на Македонија од 2004 година. Превземената финансиска обврска по основ на наведениот заем на 31.12.2006 година изнесува 156.493 илјади денари и не е евидентирана во сметководствената евиденција на Друштвото. Вкупниот износ на достасаната главница и камата се евидентира како расход во периодот во кој доспеваат. Неевидентирање на превземените долгорочни обврски и искажување на расход во периодот во кој доспеваат истите е спротивно на Законот за трговски друштва и Правилникот за водење на сметководство. Непочитување на Законот и стандардите предизвикува нереално прикажување на позициите во финансиските извештаи за висината на

наведените обврски и намалување на квалитетот на финансиските извештаи.

**Препораки:**

1. Да се превземат мерки и активности за пропишување на сметководтвени политики за начинот на признавање и мерење на долгорочните обврски и нивно доследно почитување, односно искажување на долгорочните обврски во финансиските извештаи.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. При увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, АД МЕПСО необезбедил доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и на подзаконските акти, односно:

- набавки во вкупен износ од 12.213 иљади денари не се почитувани одредбите од Законот за јавни набавки, (Прилог број 1);
- набавки во износ од 7.334 иљади денари за кои не се спроведени постапки за јавни набавки, (Прилог број 2) и
- набавка во износ од 5.898 иљади денари за која на ревизијата не и беше презентирана уредна и веродостојна документација за спроведената постапка за јавна набавка поради што ревизијата не е во можност да изврши ревизија на спроведената постапка за јавна набавка, (Прилог 3).

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка на стоки и услуги предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

11.4.2. Во сметководствената евиденција на АД МЕПСО на позицијата материјални средства во подготовка евидентирани се материјални средства во подготовка во вкупен износ од 58.031 иљади денари и тоа како што следува:

- 8.173 иљади денари почетна состојба на 01.01.2006 година на име оптички кабел за кој на ревизијата не и беше презентирана уредна и веродстојна документација за вложените средства;
- 681 иљади денари на име оптички кабел. За наведениот оптички кабел ревизијата не доби разумно уверување за намената за која се користи истиот од причина што истиот е во ТС Скопје 4 и по потреба за тековни активности се распределува по локации.
- 1.387 иљади денари за кои на ревизијата и беше доставена документација од која може да се констатира дека не се работи за материјални средства во подготовка. За наведениот износ набавена е опрема за телекомуникации во минати години и истата сеуште стои нераспакувана во Секторот за телекомуникации, а ќе биде наменета за извршување на активности на Секторот. За набавената опрема на ревизијата не и беа презентирани пописни листи и не е точно утврдена намената за која би се користела во иден период;

- 3.680 илјади денари евидентирани во сметководствената евиденција како инвестиција во тек Штип-Црвена Могила за која ревизијата не доби разумно уверување за причините поради кои е евидентирана почетна состојба и нема промени до денот на ревизијата;
- 44.110 илјади денари евидентирани како материјални средства во подготовка. Во сметководствената евиденција евидентиран е Записник заведен под број 07-152/1 од 18.01.2006 година и истиот се однесува за извршен технички преглед и прием на работите за реконструкција на: ДВ 2 Х 110 Кв 101/1 тс Скопје 1 и 101/2 ТС Скопје 4 - ТС Велес разделно чвориште ,, Јурумлери ,, и ДВ 2 Х 110 Кв 101/1 тс Скопје 1 и 101/2 ТС Скопје 4 1 дел од столб бр. 22 с. Јурумлери до ТС Скопје 1. Наведената инвестиција и покрај тоа што е завршена сеуште се води како инвестиција во тек од причина што изведувачот на работите АД ЕМО-Охрид до денот на ревизијата сеуште не постапил по Записникот и не се отстранети недостатоците утврдени со истиот , иако сите забелешки требало да бидат отстранети во рок од 30 и 60 дена.

За наведените материјални средства во подготовка Друштвото не презентираше уредна и веродостојна документација и соодветни докази со кои ревизијата ќе обезбеди разумно уверување за причината зошто наведените вложувања сеуште се евидентирани како материјални средства во подготовка иако истите потекнуваат од претходни години и до денот на ревизијата на наведените позиции нема никакви промени. Непостоење на уредна и веродостојна документација е спротивно на Законот за трговски друштва и МСС, а ваквата состојба предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата, нереално и необјективно прикажување на наведената позиција во финансиските извештаи и ризик во работењето.

11.4.3. При ревизијата на краткорочните обврски по основ на заеми и кредити ревизијата го констатира следното:

- Во тековната 2006 година АД МЕПСО извршило задолжување на име краткорочни денарски и девизни кредити од Стопанска банка АД Скопје и Тутунска банка АД Скопје. Кредитните линии на револвинг принцип се наменети за отварање на акредитиви за набавка на електрична енергија, издавање на гаранции и краткорочно кредитирање. Задолжувањето во тековната година изнесува 1.344.163 илјади денари. На известувачкиот датум 31.12.2006 година износот на задолжување во овој основ на име останати краткорочни обврски по основ на земени краткорочни кредити за наредниот пресметковен период изнесува 124.070 илјади денари и
- искажани се трошоци за камати по основ на земени краткорочни кредити во вкупен износ од 16.928 илјади денари;

За извршеното задолжување и превземање на краткорочни обврски по основ на заеми и кредити на ревизијата не и беше презентирана согласност од основачот што е спротивно на член 25 од Законот за

јавен долг. Непочитување на законската регулатива и задолжување без согласност од основачот и создавање на трошоци за камати за извршените задолжувања предизвикува ризик од незаконско користење на средствата на Друштвото.

11.4.4. Извршени се плаќања во износ од 1.468 илјади денари во корист на Синдикалната организација на АД МЕПСО врз основа на Одлука број 02-4226/5 од 28.05.2005 година година донесени од страна на Управниот одбор, за извршените плаќања на Синдикалната организација во тековната 2006 година на ревизијата не и беше презентирана Одлука од Управен одбор, што е спротивно на Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото. Непочитување на законските и подзаконските акти овозможува одлевање на парични средства од Друштвото без притоа за исплатата да одлучи Управниот одбор.

**Препораки:**

1. Надлежните органи на раководење во Друштвото да ги превземат неопходните активности за пропишување на политики за континуирано едуцирање на вработените/лицата за подготвување и споведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки, вклучувајќи ја и реализацијата на договорите за јавни набавки, со посебен осврт на рамковните спогодби, рамковни договори и секторските договори во делот на опфатна дејност-енергетика.

2. Надлежните органи за управување и раководење со Друштвото да превземат активности за доследно почитување на сметководствените политики за начинот на признавање и мерење на материјалните средства во подготовка, нивното следење и утврдување на нивната намена.

3. АД МЕПСО да воспостави процедури кои во наредниот период ќе оневозможат друштвото да се задолжува без согласност на основачот.

4. АД МЕПСО да воспостави процедури кои во наредниот период ќе оневозможат исплата на средства на Друштвото без претходно за тоа да биде обезбеден соодветен акт од органот за управување.

11.5. **Ефекти од ревизијата**

11.5.1. Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1.; 11.2.; 11.3 и 11.4. предизвикуваат: неизвршено пренесување на правото на сопственост на земјиштето и недвижностите, пренесување на почетните состојби во билансните позиции кои не соодејствуваат со Планот на поделба, вршење на купопродажба на електрична енергија, моќност и системски услуги под регулирани цени и извршување на активностите без уредување на меѓусебните односи и обезбедување одобрение од Регулаторната комисија, несервисирање на превземените обврските кои Друштвото ги има спрема Министерството за финансии, активирање на објекти и нивно ставање во употреба во сметководствената евиденција без приложена уредна и веродостојна документација за исполнети услови за работа и извршен технички прием и преглед на објектите, евидентирање на набавка на нематеријални, материјални средства, ситен инвентар, амбалажа и автогуми спротивно на Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на

нематеријални и материјани средства, спроведувањето на соодветните постапки за набавка на стоки и услуги спротивно на Законот за јавни набавки, непостоење на уредна и веродостојна документација за дел од инвестиционите вложувања, задолжување без согласност од основачот и создавање на трошоци за камати за извршените задолжувања и одлевање на парични средства од Друштвото без притоа за исплатата да одлучи Управниот одбор.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1.; 11.2.; 11.3.; 11.4 ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на АД МЕПСО под 31 Декември 2006 година.

13. Според наше мислење освен изнесеното во точките 11.1. и 11.4. кај АД МЕПСО остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2006 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. Согласно одредбите на член 518 од Законот за трговски друштва и член 4 од Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, Владата на Република Македонија во својство на Собрание на акционери донела Одлука за поделба на АД ЕСМ во државна сопсатвеност, Скопје со раздвојување со основање заведена под број 23-3343/1 од 27.09.2004 година според која друштвото е поделено на две друштва и тоа:

- Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија во државна сопственост, со скратено име АД ЕСМ и
- Оператор на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопстевеност, со скратено име АД МЕПСО.

Врз основа на горенаведената одлука, а согласно Законот за трговски друштва Управниот одбор на АД ЕСМ во државна сопственост на седницата одржана на 13.10.2004 година донел План на поделба со раздвојување со основање број УО бр.02-6906/40/2 и истиот е потврден од страна на Владата на РМ со Одлука број 23-4316/2 од 20.12/2004 година. Во одредбите на член 522 од Законот е предвидена обврска органите на управување на Друштвото да го објават известувањето за статусна промена најдоцна еден месец пред одлучувањето на содружниците односно пред донесувањето на одлуката за потврдување на планот на поделба во "Службен весник" и најмалку во еден дневен весник со податоци како што е предвидено во одредбите на истиот член. Органите на управување на друштвото не постапиле согласно одредбите на член 522 од Законот и не го објавиле известувањето за донесениот план на поделба. Непочитување на одредбите од Законот за трговски друштва предизвикуваат ревизијата да изрази сомнеж во мотивите за ваквата поделба и квалитетот на финансиските извештаи по извршената поделба.

14.2. Во одредбите на член 525 од Законот за трговски друштва е наведено дека Планот на поделба мора да го прегледа еден или повеќе ревизори. На барање на ревизијата да и се достави извештај за извршената ревизија на

Планот на поделба на АД ЕСМ во државна сопственост и АД МЕПСО во државна сопственост не и е доставен таков извештај.

14.3. Владата на Република Македонија на седницата одржана на 18.05.2006 година донела Одлука заведена под број 19 - 2393/1 со која го овластува АД МЕПСО да склучи Договор за снабдување со електрична енергија со ФЕНИ ИНДУСТРИ - Кавадарци за период од 5 години. Во Извадокот од Нацрт записникот на седницата на Владата на РМ е наведено дека во Договорот за првите три години да се дефинираат цените на електрична енергија според табелата дадена во прилог, односно според средната цена на никелот за месецот во кој се врши превземањето на Лондонската берза на метали, а за наредните две години, доколку просечната цена на електрична енергија на пазарот на големо во Република Македонија биде повисока од 30% од соодветната цена во 2006 година, АД МЕПСО да склучи Анекс договор со кој ќе се регулира цената на електрична енергија за тој период. Владата и препорачува на Регулаторната комисија за енергетика да го одобри договорот за снабдување со електрична енергија со ФЕНИ ИНДУСТРИ - Кавадарци имајки ги предвид определбите и можностите за економски развој на ФЕНИ ИНДУСТРИ -Кавадарци. Врз основа на овие заклучоци од Владата на РМ склучен е договор со ФЕНИ ИНДУСТРИ - Кавадарци за период од 01.06.2006 година до 01.05.2011 година и истиот со Допис заведен под број 02-3087/1 од 28.06.2006 година е доставен до Регулаторната комисија за енергетика на РМ поради негово одобрување како што е предвидено во Законот за енергетика. До денот на ревизијата нема повратен одговор дека договорот е одобрен од страна на Регулаторната комисија за енергетика. За период од 01.01. до 03.04.2006 година не е склучен договор со ФЕНИ ИНДУСТРИ Кавадарци за снабдување со електрична енергија.

14.4. Владата на Република Македонија донела Одлука заведена под број 19 - 2393/2 со која го овластува АД МЕПСО да склучи Договор за снабдување со електрична енергија со СИЛМАК ДООЕЛ–Јегуновце. Во Извадокот од Нацрт записникот на седницата на Владата на РМ е наведено дека за период од 01.01.2006 до 31.05.2006 година цената на електричната енергија да изнесува 22 ЕУР/мWч, а истата цена да важи и за период од 01.06.2006 до 30.09.2006 година. Потпишувањето на договорот е условено од регулирање на дотогашните и исполнување на тековните обврски на СИЛМАК ДООЕЛ-Јегуновце кон АД МЕПСО. Доколку СИЛМАК ДООЕЛ-Јегуновце не постапи согласно Договорот, Владата ќе му препорача на АД МЕПСО да превземе мерки за прекин на понатамошната испорака на електрична енергија согласно законските прописи. Владата и препорачува на Регулаторната комисија за енергетика да го одобри Договорот за снабдување со електрична енергија со СИЛМАК ДООЕЛ-Јегуновце. Врз основа на овие заклучоци од Владата на РМ склучен е договор со СИЛМАК ДООЕЛ-Јегуновце за период од 01.01.2006 година до 30.09.2006 година и истиот со Допис заведен под број 02-3697/1 од 17.07.2006 година е доставен до Регулаторната комисија за енергетика на РМ поради негово одобрување како што е предвидено во Законот за енергетика. До денот на ревизијата нема повратен одговор дека договорот е одобрен од страна на Регулаторната комисија. По истекување на Договорот на 05.10.2006 година претставниците на СИЛМАК и АД МЕПСО во присуство на претставник на Владата на Република Македонија склучиле Протокол за понатамошното работење, односно регулирана е динамиката на плаќање на заостанатиот долг што СИЛМАК ДООЕЛ го има кон АД МЕПСО. Во точка три од Протоколот е наведено дека доколку СИЛМАК ДООЕЛ не ги исполнува своите обврски за плаќање според динамиката определена во точка 2 од протоколот, АД МЕПСО има право да ја прекине испораката на

електрична енергија кон АД СИЛМАК ДООЕЛ во рок од 48 часа по истекот на денот што е предвиден за плаќање, со претходна најава согласно законските прописи. СИЛМАК ДООЕЛ не се придржувал кон динамиката на плаќање, а АД МЕПСО не постапил според договореното во протоколот и во тој момент не го исклучил СИЛМАК од напојување со електрична енергија туку е склучен нов протокол на ден 16.02.2007 година во присуство на претставник на Владата на Република Македонија со кој е регулиран заостанатиот долг и понатамошни активности за начинот на измирување на истиот според кој се постапува во 2007 година. На 12.07.2007 година склучен е договор помеѓу АД МЕПСО и СИЛМАК ДООЕЛ заведен под број 02-3863 од 12.07.2007 година за снабдување со електрична енергија за период од 01.05.2007 година до 31.12.2007 година. Во членот 37 е наведено дека овој Договор стапува на сила со денот на потпишување и одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика на РМ, а ќе се применува од 01.05.2007 година. На ревизијата не и е презентиран документ од кој може да се потврди дека договорот е потврден од страна на Регулаторна комисија.

14.5. Од почетокот на 2006 година директните потрошувачи на електрична енергија приклучени на преносната мрежа и тоа АД Цементарница Усје-Скопје, Рафинерија Окта-Скопје, ЈП Македонски железници - Скопје и АД Бучим - Радовиш со електрична енергија се снабдуваат од АД МЕПСО Скопје. Ниту од страна на директните потрошувачи, ниту од страна на АД МЕПСО во текот на 2006 година не се превземени активности за склучување на регулирани договори за купопродажба на електрична енергија како што е предвидено во Законот за енергетика. Во текот на 2007 година склучени се Договори за снабдување со електрична енергија со директните потрошувачи и тоа:

- Договор склучен помеѓу АД МЕПСО и Цементарница Усје заведен под број 02-3862 од 12. 07. 2007 година за снабдување со електрична енергија за период од 01.05.2007 година до 31.12.2007 година.
- Договор склучен помеѓу АД МЕПСО и ОКТА - Рафинерија на нафта заведен под број 02-3233 од 14. 06. 2007 година за снабдување со електрична енергија за период од 01.05.2007 година до 31.12.2007 година.
- Договор склучен помеѓу АД МЕПСО и БУЧИМ заведен под број 02-3233 од 14. 06. 2007 година за снабдување со електрична енергија за период од 01.05.2007 година до 31.12.2007 година.

На ревизијата не и се презентирани документи од кој може да се потврди дека договорите се потврдени од страна на Регулаторна комисија.

14.6. Согласно член 76 од Законот за енергетика "Операторот на пазарот на електрична енергија назначува Агенција за порамнување на финансиските обврски на учесниците на пазарот на електрична енергија и со него склучува договор. Операторот на пазарот на електрична енергија определува и банка во која се врши порамнувањето и во неа отвара сметка за порамнување". Согласно Заклучок од одржани состаноци во Владата на Република Македонија помеѓу генералните директори на АД МЕПСО Скопје, АД ЕСМ Скопје и АД ЕЛЕМ Скопје за секојдневното гледање на изводите од банките за приливот на парични средства од продажба на електрична енергија, договорено е до отварање на жиро сметка во банка преку која ќе се врши порамнување на обврските и секојдневна распределба на паричните средства помеѓу учесниците на пазарот на електрична енергија, финансовите директори да се состануваат секој ден во 11 часот да го распределуваат дневниот прилив на парични средства согласно процентуално учество во цената на електричната енергија. На ден 10.01.2006 година АД МЕПСО со

барање заведено под број 02-120 се обратил до Стпанска банка АД Скопје за отварање на нова жиро сметка со назив АД МЕПСО – Агент за порамнување со цел вршење на порамнување на финансиските обврски на учесниците на пазарот на електрична енергија согласно одредени постапки и процедури кои ќе бидат дополнително утврдени. На ден 11.01.2006 година АД Стопанска банка постапила по наведеното барање и отворена е сметка со назив АД МЕПСО – Агент за порамнување. По отварањето на сметката од страна на АД МЕПСО и АД ЕЛЕМ превземени се повеќе активности и укажувања до АД ЕСМ ЕВН за потребата од исполнување на законската обврска за реализација на процесот на прием, распоредување и пренос на паричните средства и порамнување на обврските и побарувањата на учесниците на електроенергетскиот пазар за реализација на обврската согласно Законот но до денот на ревизијата Агенцијата за порамнување не е формирана, што предизвикува потешкотии при наплата на побарувањата и плаќање на обврските.

14.7. АД МЕПСО на крајот од известувачкиот период (31.12.2006 година) во финансиските извештаи искажува обврски за ДДВ во износ од 162.568 илјади денари, односно наведените обврски не ги пресметува и подмирува во утврдените со Закон начин и рокови, поради што од Управата за јавни приходи доставена е каматна листа број 16-1153/619 од 15.11.2006 година на износ од 14.233 илјади денари. Со Записник за надворешна контрола на ДДВ за периодот од 01.10.2006 до 31.10.2007 година и Решение број 20-16/00046 од 03.12.2007 година утврдено е помалку пресметан и платен ДДВ износ од 13.979 илјади денари. Нередовно подмирување на обврските по основ на ДДВ предизвикува дополнително одлевање на средства на име камати и други давачки за присилна наплата за што со Решение број 20-977/1 од 17.05.2007 година Друштвото за период од 16.03.2007 до 17.04.2007 година е задолжено со камати и дополнителни давачки за присилна наплата на средства во износ од 4.349 илјади денари. Друштвото и основачот потребно е да превземат активности за надминување на наведената состојба, со цел да се овозможи редовно подмирување на обврските по овој основ и оневозможување на одлевање на средства на име камати и други давачки за присилна наплата.

**Скопје, 20.06.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 14,476,359 | 3,597,075 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | - | 133 |
| Останати деловни приходи | 960,844 | 39,424 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **15,437,203** | **3,636,632** |
| Материјални трошоци | 14,660,320 | 2,883,384 |
| Трошоци за бруто плати | 182,461 | 139,252 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 312,699 | 303,840 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 314 | 121 |
| Резервирања за трошоци и ризици | 41,460 | 41,197 |
| Останати оперативни трошоци | 251,755 | 223,521 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **15,449,009** | **3,591,315** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 140,894 | 2,523 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 159,700 | 44,930 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(30,612)** | **2,910** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(30,612)** | **2,910** |
| **Данок од добивка** | **1,139** | **-** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(31,751)** | **2,910** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 804,119 | 8,092 |
| Побарувања по основ на продажба | 4,639,511 | 1,819,986 |
| Побарувања од поврзани субјекти | - | 29 |
| Други краткорочни побарувања | 1,079 | 17,670 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 12 | 20 |
| Залихи | 108,611 | 83,111 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 148,370 | - |
| **Вкупно тековни средства** | **5,701,702** | **1,928,908** |
| | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4,540,326 | 4,600,282 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 129,813 | 7,270 |
| **Вкупно нетековни средства** | **4,670,139** | **4,607,552** |
| **Вкупна актива** | **10,371,841** | **6,536,460** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4,526,745 | 1,675,716 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | - | 78 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 587,396 | 419,279 |
| Останати краткорочни обврски | 163,708 | 9,317 |
| Одложени плаќања на трошоци | 49,110 | 53,499 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **5,326,959** | **2,157,889** |
| | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 1,419,769 | 764,530 |
| | | |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 3,510,900 | 3,509,537 |
| Ревалоризациона резерва | 60,903 | 60,903 |
| Резерви | 85,061 | 41,558 |
| Нето добивка | - | 2,043 |
| Загуба за финансиска година | 31,751 | - |
| **Вкупно капитал и резерви** | **3,625,113** | **3,614,041** |
| **Вкупна пасива** | **10,371,841** | **6,536,460** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2006 ГОДИНА**

| О П И С | Запишан капитал | Државен јавен капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Добивка од финансиската година | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **3,059,393** | **450,144** | **41,558** | **60,903** | **2,043** | **-** | **3,614,041** |
| Распределба на добивката за 2005 година во акумулирана добивка | | | 2,043 | | (2,043) | | **-** |
| Распределба на ревалоризац. резерва | | | | | | | **-** |
| Загуба за финансиска година | | | | | | (31,751) | **(31,751)** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | 1,363 | 41,460 | | | | **42,823** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **3,059,393** | **451,507** | **85,061** | **60,903** | **-** | **(31,751)** | **3,625,113** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2006 ГОДИНА

| | во 000 Ден. 2005/2006 |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | (30,612) |
| Амортизација | 312,699 |
| Ттрошоци од поранешни години и пресметани камати | 8,317 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 2 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 592 |
| Данок од добивка | (1,139) |
| **Готовински текови од работење** | **289,859** |
| Побарувања по основ на продажба | (2,819,525) |
| Побарувања од поврзани субјекти | 29 |
| Други краткорочни побарувања | 16,591 |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 8 |
| Залихи | (25,500) |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | (148,370) |
| Обврски спрема добавувачи | 2,851,029 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (78) |
| Краткорочни обврски од финансирање | 168,117 |
| Останати краткорочни обврски | 154,391 |
| Одложени плаќања на трошоци | (4,389) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **482,162** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | (122,543) |
| Нематеријални и материјални вложувања | (218,831) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(341,374)** |
| | |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | 655,239 |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **655,239** |
| | |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **796,027** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **8,092** |
| | |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **804,119** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1305-425/27**

**Скопје, 08.08.2008 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97, 70/2001, 31/2003, 19/2004, 70/06 и 133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Оператор на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст АД МЕПСО) за 2006 година заведен под број 1303-425/11 од 23.06.2008 година, Главниот државен ревизор го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

***По поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот поднесен на **точките: 11.1.3; 11.1.4; 11.2.1; 11.3.1; 11.4.1; 11.4.2; 11.4.3; 11.4.4; 14.5; 14.6 и 14.7** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на АД МЕПСО за 2006 година **<u>не се прифаќа</u>**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор преставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интегрира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на АД МЕПСО поднесен е приговор број 05 - 4160 од 25.07.2008 година и приговор од 28.07.2008 година. Со поднесениот приговор законскиот застапник на АД МЕПСО и одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизијата, не доставија дополнителни докази со кои може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, со што Главниот државен ревизор ги дава следните образложенија за неприфаќање на приговорот:

1. Упатениот приговор на Конечниот Извештај на овластениот државен ревизор на **точка 11.1.3.** кој се однесува на констатацијата за несклучување на Договор

за купопродажба на електрична енергија, моќност и системски услуги помеѓу АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО Скопје и упатениот приговор на **точката 11.1.4.** кој се однесува на констатацијата за несклучување на Договор за купопродажба на електрична енергија, моќност и системски услуги помеѓу АД МЕПСО Скопје и АД ЕСМ во државна сопственост, како и неодобрување на истите од Регулаторна комисија за енергетика согласно член 77 од Законот за енергетика, **не се прифаќа,** поради тоа што приговорот претставува објаснување од страна на АД МЕПСО дека е добиен допис од Регулаторна комисија за енергетика во која е наведено дека и покрај тоа што не се склучени договори и истите не се одобрени од Регулаторна комисија за енергетика не е нарушено снабдувањето со електрична енергија на тарифни потрошувачи на големо и на мало и не е нарушен Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2007 година. Од приложеното известување кое е упатено од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија до ЕВН Македонија АД Скопје може јасно да се констатира потребата од склучување на наведените договори, поткрепувајки ја наведената констатација со следниот цитат од истото писмо „*Истовремено, Регулаторната комисија за енергетика укажува дека е потребно договорните страни сепак да ги регулираат своите односи во писмена форма за да можат истите да бидат одобрувани во согласност со одредбите на Законот за енергетика. Во оваа смисла укажуваме дека е потребно договорните страни, согласно Законот за енергетика, да склучат писмен договор за снабдување за 2008 година и дека би било упатно во истиот во писмена форма да ги конвалидираат исполнувањата на обврските за претходниот период.*"

2. Упатениот приговор на **точката 11.2.1.** кој се однесува на констатацијата за непочитување на Уредбатата за начинот на пресметување на амортизацијата односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, **не се прифаќа,** поради тоа што набавката на опрема, резервни делови и ситен инвентар во сметководтствената евиденција на АД МЕПСО не се евидентираат согласно член 2 во која е наведено дека "под нематеријални и материјални средства се сметаат правата односно предметите, чиј поединечен трошок на набавка е поголем од 300 евра и корисниот век на употреба е подолг од една година", односно не се врши соодветно разграничување.

3. Упатениот приговор на **точката 11.3.1.** кој се однесува на констатацијата за неевидентирање на превземените долгорочни обврски по Договор за регулирање на обврските за отплата на дел од заемот од Светска банка ИБРД бр. 4284 МК, **не се прифаќа,** поради тоа што на ревизијата не и беше презентиран налог број 72/5 во кој е извршено евидентирање/корегирање/спроведување на утврдените состојби во сметководствената евиденција и воедно наведениот налог не е даден како прилог кон упатениот приговор на конечниот извештај.

4. Упатениот приговор на **точката 11.4.1.** кој се однесува на констатацијата за непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка на стоки и услуги, **не се прифаќа,** поради тоа што одговорното лице во прилог на приговорот не достави докази со кои ќе ги побие утврдените состојби од страна на ревизијата.

5. Упатениот приговор на **точката 11.4.2.** кој се однесува за евидентирани материјални средства во подготовка/оптички кабел, **не се прифаќа,** поради тоа

што со поднесениот приговор не се доставени дополнителни веродостојни документи со кои ќе се оспори утвредната состојба од ревизијата.

6. Упатениот приговор на **точката 11.4.3.** кој се однесува на констатацијата за извршеното задолжување и превземање на краткорочни обврски по основ на заеми и кредити за кои на ревизијата не и беше презентирана согласност од основачот, **<u>не се прифаќа,</u>** од причини што АД МЕПСО во текот на 2006 година врши континуирано задолжување за кое на ревизијата не и беше презентирана согласност од основачот туку само Позитивно мислење од Министерство за финансии бр. 09-26536/1 од 01.09.2006 година кој датум е после извршеното задолжување, што е само предуслов за добивање на соодветното мислење од Владата на Република Македонија.

7. Упатениот приговор на **точката 11.4.4** кој се однесува на констатацијата за одлевање на парични средства од Друштвото без притоа за исплатата да одлучи Управниот одбор**, <u>не се прифаќа,</u>** поради тоа што исплатата на средствата е извршена без претходно донесена Одлука од Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје, што не е во согласност со одредбите на Статутот на Друштвото. Ревизијата не ги оспорува одредбите од Колективниот договор на АД МЕПСО, едноставно упатува на потребата од доследно почитување на постапките и носење на потребните акти за одлевање на предвидените средства за потребите на синдикатот на друштвото.

8. Упатениот приговор на **точката 14.5.** кој се однесува на констатцијата за потребата од потврдување на договорите склучени со дирекните потрошувачи од страна на Регулаторната комисија, **<u>не се прифаќа</u>,** поради тоа што со дадениот приговор не се оспорува утвредната состојба од страна на ревизијата, но се дава сопствено видување од страна на одговорното лице за утврдените приоритети вклучувајќи ги и наведените договори .

9. Упатениот приговор на **точката 14.6.** кој се однесува на констатцијата за потребата од назначување на Агенција за порамнување на финансиските обврски на учесниците на пазарот на електрична енергија, **<u>не се прифаќа,</u>** поради тоа што со приговорот не се доставени докази со кои ќе се оспори утврдената и законска обврска за назначување на наведената Агенција.

10. Упатениот приговор на **точката 14.7.** кој се однесува на констатцијата за висината за искажаните обврски за ДДВ, **<u>не се прифаќа,</u>** поради тоа што одговорното лице врши само елаборирање на причините за таквата состојба без притоа да достави докази со кои ќе ја оспори утврдената состојба од страна на ревизијата.

**Скопје, 08.08.2008 година** **Главен државен ревизор**

**Тања Таневска**